**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-627/4**
**Скопје, 10.11. 2006 година**

**До**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Апелационен суд Скопје-сметка за редовно работење, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Апелационен суд Скопје-сметка за редовно работење за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Ведат Вели, Претседател на Апелационен суд Скопје

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во период од 07.09 до 28.09.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ)

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 27.10.2006 година примени се забелешки на претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 517 од 26.10.2006 година. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1 Неправилна примена на акти:***

11.1.1 Апелационен суд Скопје нема обезбедено документ имотни/поседовни листи за сопственост на објектот и земјиштето во кој е сместен судот, што не е во согласност со Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, поради неподнесено барање за регулирање на имотно правните односи и правниот статус на објектот и земјиштето каде е сместен судот. Истото има влијание, Апелациониот суд Скопје за евидентираните материјални средства да не располага со документација за доказ на сопственоста.

**Препорака:**
Апелационен суд Скопје да превземе активности за утврдување на сопственост на објектот и земјиштето.

11.1.2 Апелационен суд Скопје во текот на 2005 година има склучено 24 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос. Со писма до Судски буџетски совет, побарана е согласност за вработувања, за кои во текот на 2005 година не е добиена.
Иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, со склучувањето на договорите, лицата согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување, со што не им се обезбедени никакви права од работен однос меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

11.1.3 Заклучно со месец мај 2005 година исплатен е износ од 2.765 илјади денари за правосуден паушал инкорпориран во основните плати на судиите, спротивно на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за исплата на плати во Република Македонија, поради постапување по Заклучокот на Владата од 31.03.2003 година, кој го инкорпорира истиот во основни плати-функционери без законски основ и има влијание на зголемување на расходите за плати.
Со донесување на Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија е регулирана исплатата на правосуден паушал за судиите.

11.1.4 Апелационен суд Скопје нема служба за информатика, како посебна организациона единица, што е спротивно на член 91 од Законот за судовите, поради непредвидени средства за организирање и функционирање на посебна организациона единица која ќе биде составен дел на центарот за информатика на ниво на судската власт. Истото има влијание на функционирање на единствената методолошка и технолошка основа на информациониот систем на ниво на судска власт.

**Препорака:**

Апелационен суд Скопје да воспостави посебна организациона единица за информатика, а Судскиот буџетски совет да обезбеди средства за поставување и одржување на информациониот систем, согласно член 91 од Законот за судовите.

### *11.2 Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1 Не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2005 година, согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, поради непочитување на законската регулатива, што има влијание на реалното искажување на оваа билансна позиција во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Да се врши попис согласно прописите.

11.2.2 За извршените набавки на ситен инвентар, алат и материјали, судот нема воспоставено материјална евиденција во сметководството согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, односно истите се набавуваат без да се евидентираат во магацинот преку соодветна документација (приемници и испратници) и реверси за задолжување со ситен инвентар, поради невоспоставена пракса на магацинско работење. Истото има влијание во трошењето на материјалите и ситниот инвентар.

**Препорака:**
Да се воспостави материјална евиденција во сметководството на субјектот.

### *11.3 Неправилности со ревизија на информациониот систем:*

11.3.1 Контролите кои се воспоставени во апликација за електронско евидентирање на деловните книги, не ја спречуваат можноста за внесувањето дополнителни податоци или измена на веќе внесените, согласно ревизорските стандарди на меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ). Ревизијата не се увери дека воспоставените контроли во информациониот систем обезбедуваат интегритет, сигурност и потполност на податоците.

**Препорака:**
Во воспоставувањето на системот, кој е во фаза на тестирање, да се обрне внимание на контролите во информациониот систем со кое е опфатено материјално финансиското работење, согласно законската регулатива и меѓународните стандарди за ИТ безбедност.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1, 11.2 и 11.3, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Апелационен суд Скопје, на ден 31 Декември 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1 и 11.2, кај Апелационен суд Скопје остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

***14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Апелациониот суд Скопје во текот на ревизијата, а се однесуваат на:***

14.1 Во текот на ревизијата со налог за книжење 039 од 25.09.2006 година, зголемена е опремата и државен-јавен капитал за износ од 60 илјади денари, поради неевидентирани телефонски апарати.

14.2. Во текот на ревизијата со налог за книжење 039 од 25.09.2006 година, намалена е исправката на вредноста на опремата, а зголемен државен-јавен капитал за износ од 232 илјади денари, поради повеќе пресметана амортизација на материјалните средства.

14.3. Во текот на ревизијата со налог за книжење 039 од 25.09.2006 година, зголемена е исправката на вредноста на ситниот инвентар во употреба, а останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар) за износ од 1.465 илјади денари, поради погрешно евидентирање во сметководствената евиденција.

**Скопје, 08.11.2006 година** **Овластен државен ревизор,**

**Апелационен суд Скопје**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образлож | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | | 80,723 | 74,293 |
| **Вкупно приходи** | | **80,723** | **74,293** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 63,539 | 58,478 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 76 | 231 |
| Стоки и услуги | | 16,782 | 15,387 |
| Субвенции и трансфери | | 326 | 197 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **80,723** | **74,293** |
| **Вкупно расходи** | | **80,723** | **74,293** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | 0 | 0 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **0** |

**Апелационен суд Скопје**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 238 | 0 |
| Активни временски разграничувања | | 6,480 | 5,023 |
| Залихи | | 0 | 1,931 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6,718** | **6,954** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | | 38,517 | 35,941 |
| **Вкупно постојани средства** | | **38,517** | **35,941** |
| **Вкупна актива** | | **45,235** | **42,895** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 1,090 | 689 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 5,598 | 4,334 |
| Пасивни временски разграничувања | | 30 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6,718** | **5,023** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 38,517 | 37,872 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **38,517** | **37,872** |
| **Вкупна пасива** | | **45,235** | **42,895** |

**Апелационен суд Скопје**
**Средства од судски буџет**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **35,941** | **1,931** | **37,872** |
| **Зголемување по основ на:** | **6,974** | **282** | **7,256** |
| Набавки | 6,682 | 282 | **6,964** |
| Корекции во тек на ревизија | 292 | | **292** |
| **Намалување по основ на:** | **4,398** | **2,213** | **6,611** |
| Отпис на капитални средства-Расход | | 219 | **219** |
| Корекции во тек на ревизија | 3 | 1,994 | **1,997** |
| Амортизација | 4,395 | | **4,395** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **38,517** | **-** | **38,517** |